ООУ„БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ“
С.МИЛАДИНОВЦИ

# РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ООУ„БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ“ С.МИЛАДИНОВЦИ ОПШТИНА ИЛИНДЕН

## за период од 2026 до 2030 година



ЈУЛИ, 2026

**Преамбула**

Врз основа на Законот за основно образование, („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/20) согласно Член 49 став 1,Основното училиште изготвува Развојна програма за работа.

Со Развојната програма се планираат целите и визијата за развој на училиштето во периодот од четири години, со конкретно наведени активности на училиштето согласно со стратешките и концепциските документи и стручни документи и упатства утврдени од надлежните институции.

Формата и содржината на развојната програма за работа на основното училиште се утвредуваат согласно Правилникот за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште за изработка на Развојната програма за работа на основното училиште донесен од МОН (Бр.08-3714/3 29.5.2024 година, Скопје)

Развојната програма за работа на основното училиште е документ со кој се планираат мисијата и визијата, приоритететните подрачја за развој на основното училиште, како и начинот на следењето и евалуацијата на Развојната програма за работа на основното училиште во периодот од четири години, со цел да се унапреди воспитно-образовната работа во училиштето.

Врз основа на Развојната програма за работа на основното училиште училиштето изготвува годишна програма за работа на основното училиште што е документ за работа на основното училиште за секоја учебна година. Освен Начелата од Законот, Развојната програма за работа се темели и извештајот и резултатите од Самоевалуцаија на училиштето и Интегрална евалуација на основното училиште.

| Развојна програма на училиштето | |
|---|---|
| Училиште | ООУ„Браќа Миладиновци“с.Миладиновци |
| Адреса | Ул.8 бр.90а<br>с.Миладиновци, општина Илинден |
| Телефон, е-пошта | 02 2577 709 |
| Период на подготовка на Развојната програма на училиштето | Јуни – Јули 2026 |
| Број на ученици во училиштето | 322 |
| Број на подрачни училишта | 2 |
| Училишен директор | |
| Име и презиме | Дарко Петковски |
| Потпис | |
| Датум | |
| Одобрување од УО | |
| Име и презиме | Нинослава Ж.Николиќ |
| Потпис/Датум | |

**Содржина**

1. Податоци за основното училиште
1.1. Идентификациски податоци за училиштето
1.2. Историјат на основното училиште
2. Преглед на постигнатите резултати од претходната Развојна програма на училиштето
3. Фактори кои влијаат на развојот на основното училиште (СВОТ-анализа)
4. Мисија и визија на основното училиште
5. Избрани приоритети и образложение за секој од нив
6. Дефинирани стратешки и развојни цели
7. Акциски планови за реализација на Развојната програма на училиштето
8. Комисија за изработка на Развојната програма на училиштето

1. **Податоци за основното училиште**

**1.1. Идентификациски податоци за основното училиште**

| Податоци | |
|---|---|
| Име на основното училиште | ООУ„Браќа Миладиновци“ с.Миладиновци |
| Адреса | Ул.8 бр.90 а |
| Телефон | 02 2577 709 |
| Место, општина | с.Миладиновци, општина Илинден |
| Веб-страница | www.brmiladinovci.edu.mk |
| Е-пошта | brmiladinovci@yahoo.com |
| Ден на училиштето | 25.5 |
| Внатрешна површина на училиштето (m2) | 1500 м2 |
| Училишен двор (m2) | Тревна површина 800 m2 и друга површина 18606 m2 |
| Подрачни училишта во состав на основното училиште, место | 2 училишта<br>ПООУ Мршевци и ПООУ Текија |
| Капацитет на училиштето (максимален број ученици) | 500 |
| Број на ученици (моментална состојба) | 322 |
| Број на паралелки | 23 |
| Јазик/јазици на кој/кои се реализира наставата во училиштето | Македонски јазик |
| Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби | Не |
| Број на смени во кои се реализира наставата во училиштето | 2 |
| Во основното училиште има паралелки од музичко училиште | Не |
| Во основното училиште има ресурсен центар | Не |
| Други идентификациски податоци карактеристични за основното училиште | Статус на Еко училиште – Зелено знаме 21.02.2013 година<br>Статус на еТвининг училиште<br>Сертификат за квалитет на училиште |

## 1.2. Историјат на основното училиште

ООУ ,, Браќа Миладиновци” с. Миладиновци се наоѓа во Општина Илинден. Во состав на централното училиште работат и две подрачни училишта и тоа во селата Текија и Мршевци. Училиштето е основано со акт Одлука под број 07 – 30849 од 1955 година. Наставата се изведува на македонски јазик.

Централното училиште опфаќа ученици од шест села и тоа – Миладиновци, Бујковци, Мршевци, Бучинци, Текија и Дељадровци, каде наставата се изведува во две смени од прво до деветто одделение.

Подрачното училиште во с. Мршевци ги опфаќа учениците од прво до петтоодделение од селата Мршевци и Бучинци , додека пак ПООУ Текија ги опфаќа учениците од селата Текија и Дељадровци каде што исто така учат ученици од прво до петто одделение.

Во сите три училишта затоплувањето е со парно. Во централното училиште сè уште нема услови за кабинетска настава, а во подрачните училишта нема фискултурни сали кои се неопходни за изведување на наставата по физичко образование.

Наставно - воспитниот персонал ги изврши сите подготовки за успешно реализирање на работата на училиштето во текот на учебните години.

Учениците се распределени во 23 паралелки од кои 8 во предметна и 15 во одделенска настава. Наставата се изведуваше во две смени во централното училиште, а во ПООУ Мршевци и ПООУ Текија, во една смена.

Во училиштето работат 3 групи од прво одделение, една група во Миладиновци и по една во Текија и Мршевци.

## 2. Преглед на постигнатите резултати од претходната Развојна програма на училиштето

| Стратешка цел 1 | Развојни цели | Целосно реализирана | Делумно реализирана | Нереализирана | Образложение |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Подобрување на материјално – техничките услови за учење и работа во училиштето. | 1.1 Обновување на оградата во предниот дел во Миладиновци | X | | | Завршено обновувањети на оградата на предниот дел од централното училиште |
| | 1.2 Оспособување на влез во тоалетите за учениците од ходникот во ПООУ Мршевци | X | | | Оспособен е влезот во тоалетите за учениците во ПООУ Мршевци |
| | 1.3 Затворање на училницата во Миладиновци и изградба на бина | X | | | Завршено е затворањето на училницата и изградена е бината. |
| **Стратешка цел 2** | **Развојни цели** | **Целосно реализирана** | **Делумно реализирана** | **Нереализирана** | **Образложение** |
| Подобрување на ресурсите за изведување на квалитетна настава. | 2.1 Снабдување на фискултурната сала со спортска опрема и реквизити | X | | | Обезбедени е спортска опрема и спортски реквизити |
| | 2.2 Опремување на училниците со нагледни средства, лабораториски прибор и наставни помагала за поуспешна реализација на наставната програма | X | | | Опремени се училниците со нагледни срдства, лабараториски прибор и наставни помагала |
| **Стратешка цел 3** | **Развојни цели** | **Целосно реализирана** | **Делумно реализирана** | **Нереализирана** | **Образложение** |
| Унапредување на воспитно – образовниот процес, поддршка и грижа за учениците. | 3.1 Поголема примена на современи наставни приоди, разновидни форми, методи, техники | X | | | Примена на современи наставни приоди, разновидни форми, методи, техники и алатки за |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | и алатки за реализација на учење на далечина | | | | реализација на учење на далечина |
| | 3.2 Едукација На стручната служба и наставинците за идентификација и работа со талентирани и надарени ученици | | X | | Едукација на стручната служба за идентификација и работа со талентирани и надарени ученици |
| | 3.3 Изработка На Пропишана Процедура во која се дефинирани облиците на психичко и физичко насилство, препознав ње на лица потенцијал и вознемиру чи и како да се однесуваат децата и возрасните во такви ситуации | x | | | Примена на пропишана процедура и политика и изработен интерна политика. |
| **Стратешка цел 4** | **Развојни цели** | **Целосно реализиран а** | **Делумно реализирана** | **Нереализира на** | **Образложение** |
| Професионално усовршување на наставниот кадар за работа со деца со посебни образовни потреби. | 4.1 Интерна едукација на наставници за изработка на индивидуални образовни планови за работа со ученици со посебни образовни потреби кои за првпат | | X | | Реализирана обука за дел од наставниците за изработка на индивидуални образовни планови за работа со ученици со посебни образовни потреби кои за првпат работат со ученици со ПОП |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | работат со ученици со ПОП | | | | |
| | 4.2<br>Обука на наставниците за работа со ученици со попреченост и ученици со специфични тешкотии во учењето | | X | | Реализирана обука за дел од наставниците за работа со ученици со ПОП и специфични тешкотии |
| | 4.3<br>Обука на наставниците за примена на асистивна технологија | | X | | Дел од наставниците и стручните соработници посетија обука за примена на систивна технологија |

1. **Фактори што влијат на развојот на основното училиште (SWOT-анализа)**

**SWOT-анализа**

| Предности (силни страни) на основното училиште | Слабости (слаби страни) на основното училиште |
|---|---|
| • Соработката на наставниците на ниво на стручен актив е на завидно ниво и истото дава одличен резултат при креирање и успешно исполнување на сите потребни планирања, инструменти, активности, протоколи за работа и сл<br>• Безбедна средина за учење со јасен протокол за постапување при елементарни непогоди и одржана симулација за истото како и обучени наставници за обезбедување на прва помош при потреба.<br>• Информациите од оценувањето не се користат во наставата само за подобрување на учењето на учениците туку и за подобрување на поучувањето.<br>• Модерната опременост на училиштето со наставни помагала од различен вид кој овозможува и полесен пристап до различни материјали и извори за учење.<br>• Учество и организација на интерни обуки и учество во најразновидни обуки, семинари, конференции за збогатување на личниот професионален развој на наставниците.<br>• Најголемиот број наставници применуваат методи, техники и стратегии во наставата со цел подобрување на постигањата на учениците. Во текот на учебната година е видлива промена и унапредување на наставната практика насочена кон подобрување на постигањата на учениците.<br>• Во текот на целата учебна година училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците имаат тешкотии во учењето.<br>• Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуства и | • Дефицит на асистивна технологија и асистивни уреди;<br>• Интерна обука за наставници кои имаат/немаат искуство во изработка на ИОП за ученици со посебни образовни потреби.<br>• Родителите не се доволно информирани за можноста за учество во воннаставните активности т.е. работилници , предавања и други активности. Учениците не се доволно вклучени во планирањето на воннаставните активности.<br>• Училиштето нема изготвено акциски план со активности од Наставничкиот совет за подобрување на постигањата на учениците.<br>• Се забележува недостаток од материјали и нагледни средства за работа со ученици со попреченост и со надарени ученици.<br>• Одреден дел од родителите/старателите не користат е-дневник поради немање електронски адреси, со што немаат редовен увид во постигањата на учениците.<br>• Училиштето не врши систематска анализа на резултатите од дополнителната настава.<br>• Нецелосна вклученост на учениците во донесувањето одлуки што се однесуваат на училишниот живот.<br>• Недоволна вклученост од страна на родителите во едукативните предавања и работилници организирани од училиштето.<br>• Недоволна соработка со институции и вклучување на учениците во едукативни проекти во училиштето и надвор од училиштето за превенција од зависности (алкохол, дрога и цигари).<br>• Недостиг од пет училници за едносменско работење во централното училиште.<br>• Работа во две смени во централното училиште.<br>• Недостиг на фискултурна сала по стандарди во |

| | |
|---|---|
| презема конкретни мерки за нивно намалување.<br>• Училишниот психолог и педагог организираат советување на родителите/старателите на ученици кои имаат над 10 неоправдани и над 100 оправдани изостаноци.<br>• Редовно се врши следење и евидентирање на изостаноците од страна на наставниците и стручната служба, а се применуваат и педагошки мерки со цел намалување на изостаноците.<br>• Во училиштето редовно се одржуваат родителски средби, а по потреба и вонредни средби. Се реализира и индивидуално информирање на родителите/старателите од страна на стручната служба за редовноста на учениците.<br><br>• Во училиштето владее позитивна, сигурна, безбедна и поттикнувачка атмосфера која придонесува за успешно учење, меѓусебна доверба, почит, еднаквост и правичност меѓу учениците и вработените.<br>• Училиштето успешно соработува со локалната самоуправа и урбаната заедница преку заеднички активности, проекти и иницијативи од интерес за учениците.<br>• Се спроведуваат континуирани превентивни активности, работилници и едукативни програми за спречување на сите форми на насилство и за промовирање на безбедна училишна средина.<br>• Навремено се идентификуваат потребите на учениците од социјално ранливи семејства и им се обезбедува соодветна поддршка во соработка со надлежните институции.<br>• Континуирано се реализираат активности за развој на социоемоционалните вештини, психолошка поддршка и градење позитивни меѓучовечки односи.<br>• На учениците им се обезбедува квалитетно професионално информирање и кариерно советување преку информирање, тестирање, советување и презентации на средни училишта и индивидуална поддршка при изборот на понатамошното образование. | централното училиште.<br><br>• Постојната фасада на училишните објекти не ги задоволува современите стандарди за термална изолација, што доведува до големи загуби на топлинска енергија во зимскиот период и прекумерно загревање во летниот период.<br>• Делумна информираност на дел од наставничкиот кадар и родителската заедница во однос на распределбата и реализацијата на училишниот буџет.<br>• Помала достапност и прецизност во информирањето на родителската заедница за планираните активности и проекти во воспитно-образовниот процес. |

| | |
|---|---|
| • Во училиштето владее позитивна, сигурна, безбедна и поттикнувачка атмосфера која придонесува за успешно учење, меѓусебна доверба, почит, еднаквост и правичност меѓу учениците и вработените.<br>• Училиштето успешно соработува со локалната самоуправа и урбаната заедница преку заеднички активности, проекти и иницијативи од интерес за учениците.<br>• Се спроведуваат континуирани превентивни активности, работилници и едукативни програми за спречување на сите форми на насилство и за промовирање на безбедна училишна средина.<br>• Навремено се идентификуваат потребите на учениците од социјално ранливи семејства и им се обезбедува соодветна поддршка во соработка со надлежните институции.<br>• Континуирано се реализираат активности за развој на социоемоционалните вештини, психолошка поддршка и градење позитивни меѓучовечки односи.<br>• На учениците им се обезбедува квалитетно професионално информирање и кариерно советување преку информирање, тестирање, советување и  презентации на средни училишта и индивидуална поддршка при изборот на понатамошното образование. | |

| Можности (прилики) што произлегуваат од училиштето и опкружувањето | Закани, пречки (опасности) што призлегуваат од училиштето и неговото опкружување |
| --- | --- |
| • Можност за аплицирање за грантови и проекти (Еразмус+, невладини организации) за набавка на современи асистивни уреди и дигитални алатки за ученици со попреченост.<br>• Организирање на интерни обуки, менторски системи („наставник за наставник“) и соработка со Бирото за развој на образованието (БРО) за зајакнување на капацитетите за изработка на Инклузивни образовни планови (ИОП).<br>• Можност за збогатување на училишниот фонд со нагледни средства преку соработка со локалната самоуправа, донации од бизнис-секторот.<br>• Дигитално описменување на родителите -Креирање на брзи водичи, видео-упатства или организирање кратки отворени денови за поддршка на родителите при креирање е-адреси и активно користење на е-дневникот.<br>• Активно вклучување на учениците во планирањето на училишниот живот и воннаставните активности, преку редовни анкети, кутии за предлози и нивно учество во донесувањето одлуки што директно ги засегаат.<br>• Систематизација на дополнителната настава-Воведување на дигитални алатки и јасни протоколи за навремена анализа и следење на ефектите од дополнителната настава.<br>• Институционални партнерства за превенција - Потенцијал за вмрежување со МВР (ПС за превенција), Центрите за јавно здравје, локални медицински установи и НВО за реализација на долгорочни едукативни проекти за превенција од зависности (алкохол, дрога, цигари).<br>• Проширување на просторните капацитети - Подготовка на проектна документација и доставување до Министерството за образование и наука (МОН) и Општината за доградба на шест училници, со цел преминување во едносменско работење. | • Административни и бирократски пречки при аплицирање за проекти.<br>• Ризик од одбивање на проектните апликации (од МОН, Еразмус+ или НВО).<br>• Ризик обуките да се реализираат само „на хартија“ , без вистинска мотивација кај дел од наставниците за примена на наученото во пракса.<br>• Презаситеност со администрација и чести промени во образовните политики.<br>• Ризик надворешните институции (МВР, здравствени домови, Невладини организации ис л.) да не бидат континуирано достапни за соработка, заради далечината на училиштето<br>• Ризик од економската криза или пренасочувањето на буџетските средства на централно/локално ниво трајно да ги одложат или замрзнат ветувањата за доградба на училиштето и изградба на спортската сала.. |

| | |
|---|---|
| <ul><li>Изградба на фискултурна сала- Искористување на капиталните програми на МОН и Владата за изградба на спортски објекти во училиштето во Миладиновци.</li><li>Воведување пракса на редовни (квартални) отворени средби или објавување визуелни/едноставни извештаи за буџетот пред Наставничкиот совет и Советот на родители.</li><li>Воспоставување на систем за редовно споделување на одлуките поврзани со планираните проекти, буџетот и воспитно-образовниот процес.</li></ul> | |

## 2. Мисија и визија на основното училиште

**МИСИЈА**

Нашето еко - училиште е пријатно катче за стекнување знаења, воспитување и толеранција помеѓу учениците, родителите и вработените. Со професионален пристап на вработните и употреба на информатичката технологија го подобруваме квалитетот на наставата и ја афирмираме и промовираме нашата воспитно образовна институција.

**ВИЗИЈА**

Подобри условите за работата на училиштето , унапредување на мултикултурната соработка и помагање на учениците од социјално ранливите категории ќе создадеме квалитетна клима за работа и ќе го подобриме училишниот успех.

3. **Избрани приоритети и образложение за секој од нив**

| Приоритет | Образложение |
|---|---|
| Поголема и поефективна работа со учениците со ПОП ( со асистивна технологија) и талентирани и надарени ученици. | Училиштето ќе планира и реализира разновидни вонnаставни активности што ги изразуваат потребите и интересите на учениците. Со овој приоритет ќе се направи план според кој наставниците ќе планираат разновидни активности за детектирање на талентираните ученици, ефективна работа со нив и постигнување поголеми резултати по одделни наставни предмети и нивна афирмација.Исто така училиштето со новото со формирањето на Центарот за пдршка на лицата со ПОП на ниво на општина Илинден, ќе ги користи ресурсиите(асистивната технологија). |
| Подобрување на условите за работа во училиштето. | Воведувањето едносменското работење во централното училиште ќе влијае на квалитетот и осовременувањето на наставниот процес.<br>Зголемувањето на просторните капацитети за пет училници ќе влијае на поефективна реализација наставните и вонnаставните активности во централното училиште.<br>Изградбата на фискултурната сала по стандарди ќе овозможи поквалитетна настава по ФЗО во централното училиште. Учениците ќе имаат големи придобивки по однос на личниот раст и развој со помош на едукација и образование во современи услови.<br>Поставувањето на фасада на училишните објекти ќе доведе до голема заштеда на топлинска енергија во зимскиот период и изолација од прекумерно загревање во летниот период. |
| Вклучување на родителите во училишниот живот, инволвираност во одредени одлуки кои се донесуваат; спроведување на заеднички проекти. | Ќе се планира стратегија за вклучување на родителите при донесување на одлуки поврзани со капитални инвестиции на училиштето, кои дозволуваат учество на родители,<br>како и поголема информираност во однос на трошење на буџетот на училиштето. Исто така ќе се изготви план за вклучување на родителите во заеднички проекти и активности. |

## 4. Дефинирани стратешки и развојни цели

Од приоритети кон стратешки цели

| Приоритет/и | Стратешка цел |
|---|---|
| Поголема и поефективна работа со учениците со ПОП ( со асистивна технологија) и талентирани и надарени ученици. | Идентификување и поддршка на надарените, талентираните и учениците со ПОП. |
| Подобрување на условите за работа во училиштето. | Подобрување на условите за работа во училиштето,зголемување на просторниот капацитет во централното училиште, воведување на едносменско работење во централното училиште, осовременување на наставата по ФЗО и енергетски заштеда на училиштето. |
| Вклучување на родителите во училишниот живот, инволвираност во одредени одлуки кои се донесуваат; спроведување на заеднички проекти. | Да се обезбеди целосен партнерски однос , отворена соработка и партиципација на родителите во училишната политика. |

**Од стратешки цели кон развојни цели (за секоја стратешка цел се дефинираат 2-3 развојни цели)**

| Стратешка цел 1 | Развојни цели |
|---|---|
| Идентификување и поддршка на надарените, талентираните и учениците со ПОП. | 1.1 Зајакнување на воннаставните активности за учениците. |
| | 1.2 Детектирање на талентирани и надарени ученици. |
| | 1.3 Обука за индивидуализирани програми за надарени, талентирани и ПОП ученици. |
| **Стратешка цел 2** | **Развојни цели** |
| Подобрување на условите за работа во училиштето и осовременување на наставата. | 2.1 Зголемување на просторните капацитети во училишната зграда и воведување на едносменско работење во централното училиште. |
| | 2.2 Изградба на фискултурна сала по стандарди и подобрување на условите за работа на часовите по ФЗО. |
| | 2.3 Поставувањето на фасада на училишните објекти и подобрување на енергетската заштита. |
| **Стратешка цел 3** | **Развојни цели** |
| Да се обезбеди целосен партнерски однос и отворена соработка со сите чинители во училиштето и надвор од него. | 3.1 Создавање ефикасни механизми на соработка помеѓу училиштето и родителите со што ќе се зголеми вклученоста на родителите во работата на училиштето. |
| | 3.2 Планирање стратегии за соработка и вклучување на родителите во проектните активности на училиштето. |

## 5. **Акциски планови за реализација на развојната програма на училиштето**

| **Стратешка цел 1. Идентификување и поддршка на надарените, талентираните и учениците со ПОП** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Развојна цел 1.1 Зајакнување на воннаставните активности за учениците.** | | | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Реализатори** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење за реализација на активностите** | **Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите** |
| Креирање на политика за поддршка на планирањето на воннаставни активности во училиштето | Најмалку [70%] од вкупниот број ученици во училиштето се вклучени во најмалку една воннаставна активност.<br><br>Секоја воннаставна секција има реализирано најмалку една активност, изложба, отворен ден, хуманитарна акција или перформанс во текот на годината<br>.<br>Успешно учество или претставување на училиштето на локално, регионално | Директор<br>Наставници<br>Стручни соработници | Во текот на учебната година | Човечки, финансиски и просторни ресурси | Директор<br>Стручни соработници<br>Наставници | База на податоци на ученици по секции.<br>Годишни извештаи за работата на наставниците/секциите.<br><br>Медиумски/Фото архив (записи, фотографии, објави на веб-страницата или социјалните мрежи на училиштето)<br>Табеларен преглед (Регистар) за учество на натпревари и конкурси.<br>Педагошка документација на наставниците-ментори.<br>Прашалник за |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | или државно ниво со проекти произлезени од воннаставните активности.<br><br>Обезбедени просторни и материјално-технички услови за работа за 100% од одобрените воннаставни програми на почетокот на учебната година. | | | | | проценка на потребите (пополнет од наставниците при поднесување на програмата).<br>Материјално-финансиско работење на училиштето (набавки). |
| **Развојна цел 1.2 Детектирање на талентирани и надарени ученици.** | | | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Реализатори** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење за реализација на активностите** | **Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите** |
| Изработка на скала за проценка на надареност | Најмалку [80%] од одделенските раководители (или актив на предметни наставници) ја пополниле скалата за потенцијално надарените ученици до крајот на првото полугодие.<br><br>Над [75%] од учениците кои на | Стручни соработници<br>Наставници | Декември 2026 година | Хартија<br>Лап топ<br>Стручна литература | Стручни соработници | Скала за проценка и препознавање на надарени и талентирани ученици.<br><br>Чек-листа за предадени скали по паралелки.<br><br>Досие на ученици.<br><br>Образец за следење на напредокот на |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | скалата имаат 65+ бодови, подоцна се потврдени како надарени преку дополнително стручно тестирање.<br><br>100% од учениците идентификувани со висок талент се вклучени во воннаставни активности и натпревари. | | | | | надарени ученици<br><br>Евиденција на стручната служба. Педагошка документација / извештаи. |
| **Развојна цел 1.3 Индивидуализирани програми за надарени, талентирани и ПОП ученици.** | | | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Реализатори** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење за реализација на активностите** | **Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите** |
| Обука за изработка на програми (ИОП) за секој ученик според неговите способности и афинитети | 80 % наставници се вклучени во обуката за изработка на програми за ученици со ПОП и програми за надарени и талентирани ученици | Наставници<br>Стручни соработници | Септември 2026/2030 | Финансиски нресурси<br>Човечки ресурси<br>Провајдер | Стручни соработници<br>Тим за професионален развој | Евиденција - листа за присуство<br>Евалуационен прашалник по обуката (Google Формулар или принт)<br>Чек-листа за ревизија на изработени програми.<br>Извештај од спроведената обука со вклучена статистичка анализа |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | (X број наставници од вкупно Y вработени = 3%).<br>Записници од состаноци каде се дискутирало за имплементацијата на овие програми по наставни предмети. |
| **Стратешка цел 2: Подобрување на условите за работа во училиштето и осовременување на наставата.** | | | | | | |
| **Развојна цел 2.1 Зголемување на просторните капацитети во училишната зграда и воведување на едносменско работење во централното училиште (доградба на 5 нови училници)** | | | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Реализатори** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење за реализација на активностите** | **Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите** |
| Изработка на проектна документација и архитектонски план за доградба на 5 нови училници.<br><br>Обезбедување финансиски средства и одобренија за градба од релевантните | Изградени и функционални 5 нови училници соодветно опремени за настава.<br><br>Целосно имплементирано едносменско работење во централното училиште.<br><br>Зголемен број на реализирани | Директор<br>Комисија за јавни набавки<br>Претставник од Општина,<br>Советт на родители<br>Наставнички совет<br>Фирми | Вкупно: 18–24 месеци (од почеток на проектирање до целосно пуштање во употреба).<br>2027/2029 | Финансиски: Буџет на Општината/МОН, грантови или капитални инвестиции.<br><br>Материјални: Градежни материјали, училишен мебел (клупи, столици, табли), ИКТ опрема (паметни | Комисија составена од: Директорот на училиштето, претставник од Општината (надзорен инжener), претставник од Советот на родители и претставник од Наставничкиот совет. | Градежен дневник и извештаи од технички прием на објектот.<br><br>Нов распоред за работа во една смена.<br><br>Евалуациони прашалници за наставниците и учениците за задоволството од едносменското работење. |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| институции (Општина/МОН).<br><br>Спроведување јавна набавка и избор на изведувач на градежните работи.<br><br>Реализација на градежните активности за доградба на училниците.<br><br>Опремување на новите училници со училишен мебел, ИКТ опрема и нагледни средства.<br><br>Изработка на нов распоред за часови и реорганизација на просторот за премин во една смена. | воннаставни активности и слободни ученички иницијативи. | | | табли, компјутери).<br><br>Човечки: Архитекти, градежни работници, наставен кадар (за реорганизација на распоредот). | | |
| **Развојна цел 2.2 Изградба на фискултурна сала по стандарди и подобрување на условите за работа на часовите по ФЗО.** | | | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Реализатори** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење за реализација на активностите** | **Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Изработка на проект за изградба на спортска сала по современи стандарди.<br><br>Аплицирање до фондови за капитални проекти (Влада, МОН, Агенција за млади и спорт).<br><br>Изведување на градежните работи (карабина, внатрешно уредување, соблекувални, санитарни јазли).<br><br>Набавка и монтирање на спортска опрема (кошеви, голови, мрежи, струњачи, реквизити).<br><br>Свечено пуштање во употреба и интегрирање на салата во редовниот процес на ФЗО. | Целосно изградена и опремена фискултурна сала која ги исполнува безбедносните и педагошките стандарди.<br><br>100% реализација на часовите по ФЗО во затворен простор во текот на зимскиот период.<br><br>Зголемен опфат на ученици во училишни спортски клубови и секции. | Директор, МОН/Влада, Општина, стручни соработници, Наставници по ФЗО, изведувач на градежни работи. | Вкупно: 12–18 месеци. 2028/2030 | Финансиски: Капитална дотација од централната/локалната власт.<br><br>Материјални: Градежни материјали, специфични спортски подлоги, спортска опрема и реквизити, вентилациони и грејни системи.<br><br>Човечки: Инженери, градежници, монтери на спортска опрема. | Директорот, Наставниците по ФЗО и Општинскиот инспектор за урбанизам/градежништво. Комисија за следење на реализација | Записник за технички прием и предавање во употреба на салата.<br><br>Дневници за работа (е-дневник) – евиденција за реализирани часови по ФЗО во сала.<br><br>Годишен извештај за работата на спортските секции. |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| **Развојна цел 2.3 Поставувањето на фасада на училишните објекти и подобрување на енергетската заштита.** | | | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Реализатори** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење за реализација на активностите** | **Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите** |
| Изработка на Енергетски преглед (елаборат) на училишниот објект за утврдување на енергетските загуби.<br><br>Обезбедување средства преку програми за енергетска ефикасност<br><br>Спроведување тендерска постапка за термоизолациона фасада.<br><br>Поставување на изолацијата (стиропор/камена волна) и завршна обработка на фасадата. | Поставена нова термоизолациона фасада на сите објекти во рамки на централното училиште.<br><br>Намалена потрошувачка на енергенси за греење (пелети, струја или дрва) за најмалку 20-30% во зимскиот период.<br><br>Оптимална внатрешна температура во училниците во текот на мај/јуни и септември без потреба од дополнително ладење. | Директор, Општина, Енергетски контролори, Фирма-изведувач на фасадни системи. | Вкупно: 4–6 месеци (најдобро да се реализира за време на летниот распуст). 2026/2027 ПООУ Мршевци 2027/28 ПООУ Текија 2029/30 Миладиновци | Финансиски: Буџет на училиштето (самофинансирање од заштеди), Општински буџет, ЕКО-фондови.<br><br>Материјални: Изолациони материјали (камена волна/стиропор), лепила, мрежи, завршен малтер, скелиња.<br><br>Човечки: Сертифицирани фасадери и градежни работници. | Комисија за следење на реализација Хаусмајстор Директор претставник од Еко-одборот на училиштето. | Споредбена анализа на сметките/фактурите за греење од претходните години и тековната година.<br><br>Сертификат за енергетски пасош на објектот по завршување на проектот.<br><br>Дневни мерења на внатрешната температура во критичните месеци (јануари и јуни). |

| **Стратешка цел 3. Да се обезбеди целосен партнерски однос и отворена соработка со сите чинители во училиштето и надвор од него.** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Развојна цел 3.1 Создавање ефикасни механизми на соработка помеѓу училиштето и родителите со што ќе се зголеми вклученоста на родителите во работата на училиштето.** | | | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Реализатори** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење за реализација на активностите** | **Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите** |
| Проект: „Отворени портите на училиштето – Учиме и растеме заедно“.Активноста се реализираат преку три клучни модули во текот на годината | 1.Родители-ментори-инспиратори! - Еднаш месечно, во рамките на часот на одделенската заедница или како воннаставна активност, родителите одржуваат интерактивни работилници за учениците.<br><br>2. „Заеднички Клубови за акција“ (Училишна заедница) Формирање на мешани тимови (наставници + родители + ученици) за конкретни училишни проекти: Еко-тим: Заедничко уредување на училишниот двор | Стручни соработнци<br>Наставници | 2026/2030 | Лап топ<br>Смарт табла<br>Стручна литература<br>Флипчарт<br>Маркери | Директор<br>Ментор – психолог<br>Ментор - наставник | Презентации<br>Списоци за присуство<br>Прашалник за евалуација<br>Извештај од реализирани активности |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | (садење, бојадисување, креирање „зелени училници“). Креативен/Хуманитарен тим: Организација на училишни базари, патрони празници, театарски претстави каде родителите помагаат во сценографија, костимографија или изработка на предмети.<br><br>„Училишна академија за родители“ (Психо-едукативен сегмент)<br><br>Стручната служба (психолог/педагог) во соработка со надворешни експерти или искусни родители организира тематски трибини и работилници на теми кои ги засегаат родителите. | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| **Развојна цел : 3.2 Планирање стратегии за соработка и вклучување на родителите во проектните активности на училиштето.** | | | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Реализатори** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење за реализација на активностите** | **Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите** |
| Креирање на краток, визуелно привлечен месечен е-билтен или посебен дел на училишната веб-страница кој не содржи само суви административни информации, туку фокус-приказни: „Што направивме овој месец и што планираме? | 100% реализација на планираната динамика (на пр. објавени/испратени 9 е-билтени во текот на една учебна година – од септември до јуни).<br><br>Реализирани најмалку 2 големи проекти во годината каде родителите се активни ко- | Медиумски клуб Наставници по македонски јазик Наставник – ментор Координатори на проекти во училиштето, Еко-одбор, МИО,Наставнички совет, Ученички | Септември – Октомври (на почетокот на секоја учебна година во рамките на развојниот циклус) 2026/2030 | Дигитални: Google Forms/Microsoft Forms за прашалникот, компјутерска опрема.<br><br>Човечки: Време на наставниците за администрација и | Стручната служба на училиштето и претставник од Советот на родители. | Евиденциони листови за присуство и придонес на родителите на работилниците.<br><br>Фотодокументација и медиумски објави (веб-страна, социјални мрежи на училиштето) од реализираните настани. |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | реализатори (не само публика).<br><br>Најмалку 20% од вкупниот број родители директно вклучени во конкретна активност во текот на годината. | парламент, родители. | | обработка на податоците. | | Е-билтени на веб страна<br><br>Записници од состаноците на проектните тимови. |

6. **Комисија за изработка на Развојната програма за работа на основното училиште**

- Дарко Петковски, директор
- Татјана Насевска – Додевска , психолог
- Кристина Ѓоргиевска, педагог
- Андриана Митевска, предметен наставник од централно училиште
- Емилија Стојановска, предметен наставник претставник од подрачно училиште ПООУ Текија и ПООУ Мршевци
- Елена Карагунова , одд.наставник од централно училиште
- Андреа Костовска , член на Ученички парламент
- Наташа Паневска, родител од Совет на родители.

**Директор**

**---------------------------**
**Дарко Петковски**

**Претседател на Училишен одбор**

**--------------------------------**
**Нинослава Ж.Николиќ**